Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-393/2
______ година 28-06-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-393/1 од 26.4.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] против Општина Кисела Вода, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика и [redacted] за извршена дискриминација во областа на правосудство и управа и социјална сигурност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-393/1 од 26.4.2024 година поднесена од [redacted] против Општина Кисела Вода, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика и [redacted] **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**Образложение**

На ден 26.4.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Општина Кисела Вода, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика и [redacted], за извршена дискриминација во областа на правосудство и управа и социјална сигурност.

Согласно наводите од претставката, се работи за самохрана мајка која 8 години живее без електрична енергија и проси за храна и лекови за нејзиниот син. Наведува дека синот има болест на коските и требало да биде опериран уште пред 4 години, но поради недостаток на финансиски средства тоа не е сторено. Воедно боледува од тумор на ногата и т.н. „стаклени коски“ како генетска болест. Подносителката на претставката за таа цел се има обратено до Владата на РСМ, од каде добила писмено образложение дека жалат за нејзината ситуација. Понатаму се обратила до Министерството за труд и социјална политика и неколку хуманитарни организации, но никогаш не добила помош.

Претставката ја поднесува против Општина Кисела Вода и градоначалникот на општината, поради тоа што 8 години по ред, никој од општината не сакал да ја прими. До општината неколку пати поднела и барање за еднократна парична помош, од кои последното барање било на 22.1.2024 година, но добила одговор дека додека траат изборите не можат да и помогнат бидејќи тоа се сметало за мито и корупција.

Понатаму претставката ја поднесува и против Министерството за внатрешни работи. Наведува дека последните две години пријавува низа настани во МВР, меѓу кои дека таа и нејзиниот син се физички и психички малтретирани и дека е принудувана да остава парични средства на клупа, бидејќи добива закани по живот. Исто така во оваа насока наведува дека луѓе кои се претставуваат како полицајци ја уценуваат и ги малтретираат нејзе, нејзиниот син и нејзината сестра. За овие и за други настани поврзани со полициски службеници се има обратено до внатрешна контрола.

Во однос на Министерството за труд и социјална политика, како самохран родител и примател на гарантирана минимална помош, била информирана дека на секои 6 месеци, поради болеста на

нејзиниот син има право да поднесе барање за еднократна парична помош, но за овие 5 години помошта и била исплатена само три пати, а потоа била одбивана со образложение дека не доставила документи.
Во прилог на претставката подносителката достави и Пресуда на Основниот Кривичен суд Скопје, со која е огласена за виновна поради непосетување на наставата од страна на нејзиниот син во задолжително средно образование.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"*.

При увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека станува збор за прашања кои не потпаѓаат под горецитираната дефиниција на дискриминација.
Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај подносителката на претставката не изнесе факти и околности кои укажуваат на сторена повреда на право врз дискриминаторска основа.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека дека во конкретниот случај не се работи за прашања кои се во надлежност на Комисијата.

Комисијата направи обиди да ја исконтактира подносителката на претставката со цел да ја упати и поврзе со граѓанска организација која обезбедува бесплатна правна помош- [redacted] Скопје, контакт тел. [redacted], но таа не беше достапна на телефонскиот број наведен во претставката. Комисијата дополнително ја упатува подносителката да се обрати до Одделението за бесплатна правна помош во Министерството за правда, кое има свое подрачно одделение во рамки на нејзиното место на живеење- Општина Кисела Вода. Канцеларијата на подрачното одделение се наоѓа на [redacted] во рамки на објектот на Општина Кисела вода, [redacted]

Скопје
28.6.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]